# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod@yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

| | |
|---|---|
| **Службен гласник** | **04.06.2018 година** |
| **Општина Македонски Брод** | **Македонски Брод** |
| **Излегува по потреба** | **Број 6 – 2018 год.** |

ЈУНИ 2018

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 11 и 25 од Закон за полиција(„Службен весник на РМ“ бр.114/06,6/09 и 145/12) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03 и 4/17 пречистен текст), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.05.2018 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

**За формирање на Локален совет за превенција**

**Член 1**

Се формира Локален совет за превенција како советодавно и координативно тело за остварување на соработката и зацврстување на влијанието на јавноста во работата на полицијата.

**Член 2**

Целта на Локалниот совет за превенција се состои во изградба на заенички препораки за подобрување на јавната безбедност на подрачјето на Општина Македонски Брод, како и градење на доверба и партнерски односи во превенирањето на појавите што влијаат на јавната безбедност и сообраќајот на патиштата.

**Член 3**

Локалниот Совет за превенција е составен од претставници на локалната и централната власт како и други владини и невладини организации.

**Член 4**

Членови на Локалниот совет за превенција се:

- **Живко Силјаноски – Градоначалник**
- **Марјан Анѓелкоски - командир на ПС**
- **Елведин Арапоски – инспектор за превенција во ПС**
- **Мена Савева - инспектор во ПС**
- **Драган Цветаноски - претседател на Совет**
- **Румена Михајлоска - претставник на НВО**
- **Ѓорѓија Илиоски – ВД директор на СОУ Наум Охридски**
- **Жарко Симески - ВД директор ЈЗУ-М.Брод**
- **Ана Милошеска - ВД директор ЈУ МЦСР-М.Брод**
- **Драганче Огненоски - претседател на м.з.**

**Член 5**

Со стапување на сила на оваа Одлука престанува да важи одлуката за формирање на локален совет за превенција бр.07-322/5 од 31.03.2010 година.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонски Брод”.

**Бр.18 – 572/3**
**30.05.2018 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Драган Цветаноски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 –пречистен текст ), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за формирање на Локален совет за превенција**

Се објавува **Одлука за формирање на Локален совет за превенција**, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.05.2018 година.

**Бр. 08 - 572/9**

**04.06.2018 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21, став 44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.4/17), Советот на Општина Македонски Брод на седница бр.9 одржана на ден 30.05.2018 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

## За утврдување на ценовник за користење на услуги што ги дава Територијалната противпожарна единица на физички и правни лица

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Македонски Брод се утврдува ценовник за користење на услуги што ги дава Територијалната противпожарна единица од Македонски Брод на правни и физички лица.

Услугите што може да ги дава Територијалната противпожарна единица од Македонски Брод се определени со Ценовник на услуги.

Член 2

Услугите се вршат само во исклучителни случаи, односно инцидентни случаи, во кратки временски периоди, кога барателот на услугата не е во можност од друг субјект да обезбеди таква услуга, а се работи за живот или здравје на луѓе, односно живот на животни или живина во поголем број.

Член 3

Давање на услуги и видот на техничката опрема и услуга што се бара се врши по претходно поднесено барање од барателот. Кон барање физичкото односно правното лице поднесува и изјава дека е запознат со условите и цената на давањето на услугата и дека истата во рок од три дена од добивањето на пресметката ќе ја исплати на жиро сметка на општина Македонски Брод.

Барање за користење на услуги го поднесува непосредниот корисник на услуги без посредници.

За давањето на услугата одлучува градоначалникот на Општина Македонски Брод, или од него овластено лице по претходен писмен извештај од страна на Командирот на ТППЕ Македонски Брод или негов заменик.

Член 4

Услуги што Територијалната противпожарна единица од Македонски Брод ги дава на физички и правни лица се:

1. **Користење на противпожарно возило**, само доколку има на располагање и други исправни противпожарни возила за гасење на пожари со вода.
2. **Користење на противпожарна опрема**, која се дава на користење доколку ТППЕ од Македонски Брод располага со предметна опрема над минимумот утврден со Правилникот за правила за вршење на службата, како и минималните критериуми за сместување, техничка опрема и средства за гаснење на пожари со кои треба да располагаат Противпожарните единици, а истите не се во состав во Противпожарните возила.

Член 5

За вршење на услугата Територијалната противпожарна единица од Македонски Брод не ангажира работиници од дежурната смена.

Доколку опремата се издава без ангажирање на работник од Територијалната противпожарна единица од Македонски брод, одговорното лице од истата кое што е издава опремата е должно да го запознае корисникот на услугата со начинот на употреба на предметната опрема, како и со евентуалните опасности при тоа.

Член 6

Паричните средства од давањето на услуги и користењето на противпожарна опрема, ќе се уплатуваат на сметка на Општина Македонски Брод и истите ќе се наменат за потребите на ТППЕ.

Член 7

Ценовникот за користење на услугите што ги дава ТППЕ на физички и правни лица е составен дел на оваа Одлука. Со оваа одлука престанува да важи Ценовникот бр.03-227 од 27.03.2006 год. донесен од страна на Градоначалникот на Општина Македонски Брод.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен Гласник на Општина Македонски Брод".

**Бр.18 – 572 /4** **Совет на Општина Македонски Брод**

**30.05.2018 година** **Претседател,**

**Драган Цветаноски с.р.**

# ЦЕНОВНИК

за користење на услуги што ги дава ТППЕ од Македонски Брод
на физички и правни лица

1.Користење на ПП возила

• Обезбедување ПП возило со 5 пожарникари на спортски натпревари согласно Законот за спорт до 25 км изнесува 3.000 денари од започнат час. Над 25 км надоместокот се зголемува за уште 40 денари од км.

• Обезбедување ПП возило со 5 пожарникари на јавни собири согласно Законот за јавни собири до 25 км изнесува 3.000 денари од започнат час. Над 25 км надоместокот се зголемува за уште 40 денари од км.

• Транспорт на вода со ПП возило до 9000 литри и тројца пожарникари до 25 км изнесува 2.500,00 денари од започнат час. Над 25 км надоместокот се зголемува за уште 40 денари од километар.

Времетраењето на услугата почнува да тече од излегување на возилото на терен заклучно до неговото извршување на работата.

2.Услуги со пумпа и работна рака

- За 1 (еден) час за работа со моторна пумпа "МИО" тип ВА-30П со капацитет од 1100 л/мин, цена 1.500,00 денари
- За 1 (еден) час за работа со електрична пумпа со капацитет од 800 л/мин, цена 800,00 денари
- За 1 (еден) час ангажирање на работник од ТППЕ од Македонски Брод, цена 200,00 денари, доколку при вршење на услугата на терен работниците се задржат повеќе од 8 (осум) часа се пресметува и дневница според Правилникот на Општина Македонски Брод, ако има и ноќевање, трошоците паѓаат на товар на корисникот на услуга.

Времето за работа на горенаведените пумпи се пресметува од излегување на пумпата од Единицата до нејзино враќање во истата.

3.Услуги со противпожарни скали

- За 1 (еден) час со скала растегача, цена 1.000,00 денари
- За 1 (еден) час со скала кукача, цена 800,00 денари
- За 1 (еден) час, за еден дел (колено) со скала составувачка, цена 200,00 денари
- За 1 (еден) час со скала морнарска, цена 800,00 денари

- За користење на противпожарна скала ако има барање за пократок временски период од 1(еден ) час на 30 минути цената да изнесува половина од предвидената услуга што се однесува за еден час

Време на користење на скалата се пресметува од излегување на скалата од Единицата до враќање во истата.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 –пречистен текст ), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за утврдување на ценовник за користење на услуги што ги дава Територијалната противпожарна единица на физички и правни лица**

Се објавува **Одлука за утврдување на ценовник за користење на услуги што ги дава Територијалната противпожарна единица на физички и правни лица** , што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.05.2018 година.

**Бр. 08 - 572/9**

**04.06.2018 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 22 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), согласно Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ“ бр.93/12, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16), Советот на Општина Македонски Брод го разгледа Извештај-Елаборат за проценета штета од елементарна непогода-пожар на подрачје на село Томино село во Општина Македонски Брод, на седница бр.9 одржана на ден 30.05.2018 година, го донесе следниот

## ***З А К Л У Ч О К***

***За усвојување на Извештај-Елаборат за проценета штета од елементарна непогода – ПОЖАР село Томино село***

1. Се усвојува Извештај-Елаборат за проценета штета од елементарна непогода – ПОЖАР на подрачје на село Томино село случена на 24.06.2017 година.
2. Проценетата вредност на штета од елементарна непогода-пожар изнесува **541.860,00 денари.**
3. Составен дел на овој Заклучок е Извештај-Елаборат за проценета штета од елементарна непогода-пожар, но составен дел на Извештај-Елаборат се и табеларните прегледи.
4. Заклучок влегува на сила од денот на донесување на Совет.

**Бр.18 – 572 /5**
**30.05.2018 година**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Драган Цветаноски с.р.**

# И З В Е Ш Т А Ј – Е Л А Б О Р А Т

За проценета штета од елементарна непогода – **ПОЖАР**

## 1.ОПШТ ДЕЛ

На ден 24.06.2017 година, на подрачјето на село Томино село од удар на гром предизвикан беше пожар, кој зафатил најпрво еден помошен објект а потоа се зафатени и два други објекти, од кои еден помошен, а другиот пренаменет за домување.
Со елементарната непогода беа зафатени 3 помошни објекти сите на територија на село Томино село.
Со примена на Единствената методологија за процена на штетите од елементарни непогоди и други неподоги ("Службен весник на Република Македонија" бр.75/01) се обезбедени принципи и методи за проценка.

## 2.ЦЕЛ НА ПРОЦЕНА

Цел на процената на штета е утврдување на видот и големината на штета во физички и вредносни показатели, по територии (месни заедници), средства и блага, време и причини за настанување на штетата и тоа по корисници и сопственици.
Резултатите од процената се користат за утврдување на големината на загубите.

## 3.ПРЕДМЕТ НА ПРОЦЕНА

Предмет на процена се директни односно непосредни штети на оштетена и уништена опрема (друга опрема и алат), уништени добиточен фонд, живина и риби (кошници за пчели) кај граѓани и градежни објекти кај приватни субјекти и тоа:

- Опрема (алат и друга опрема)
- Добиточен фонд, живина и риби (кошници за пчели)
- Градежни објекти (помошни објекти)

Штетата се проценува на сите средства и блага што претрпеле штета, без оглед на тоа дали се осигурани кај осигурителни друштва. Предмет на процена се и штетите на објекти градени без градежна дозвола и на објекти без конструкциони својства на отпорност на земјотрес.
Сите средства и блага на кои се проценува штета се разработени во "Номенклатурата на средства и други блага" од Методологијата, како нужно за правилно и еднообразно распоредување на истите за кои се проценува штета.

## 4.ОПИС НА ОСНОВНИ ПОИМИ И ПРИЧИНИ ЗА ШТЕТА

Причини за предизвикана штета се : ***Пожар од удар на гром***

Како пожар се смета секој оган што настанал надвор од контролирано огниште, или оган кој го напуштил ова место и е способен понатаму да се развива со сопствена сила, при шшто нанесува матријална штета.

## 5. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ ЗА ПРОЦЕНА НА ШТЕТИ

Штетата е проценета комисиски и тоа со директен увид во секое средство и благо во сопственост на правни лица, самостојни вршители на дејност и граѓани што претрпеле каква и да е штета. За секое прегледано средство е утврдено дали е оштетено или уништено.

- За оштетена опрема износот на штета се проценува во висина на трошоци на поправка, а за уништена опрема во висина на нејзината сегашна вредност.
- За штети на кошници за пчели износот на штета се проценува како производ од вкупната количина на кошници за пчели по соодветната просечна цена.
- За уништени објекти во сопственост на приватни субјекти штета се пресметува во висина на сегашна вредност.

Процена на штета е извршена со помош на Образец Ш-03 штета на други средства и блага каде се внесени физички податоци и табела 2 каде е извршена пресметка на штета, но и на образец Ш-01 Штета на градежни објекти.

## 6.ЦЕНИ ПОТРЕБНИ ЗА ПРОЦЕНА НА ШТЕТА

Применетите цени во проценета на штети се обезбедени од страна на Комисија за процена на штети настанати од природни непогоди, епидемии и други несреќи во Општина Македонски Брод, од контакти со проценители од осигурителните друштва а претежно цените од пазарот во општината.
Просечните цени од пазарот во моментот на настанување на штета од елементарни непогоди се дадени во образец Ш-08.

## 7.ИЗГОТВУВАЧ НА ИЗВЕШТАЈ-ЕЛАБОРАТ

Изготвувач на Извештајот е Комисија за процена на штета настаната од природна непогода, епидемии и други несреќи во Општина Македонски Брод во состав:

1. Зоран Новески - дип.градежен инжинер
2. Славе Ѓурчиноски - градежен техничар
3. Вања Димоска - дип.по безбедност и финансиска контрола
4. Добре Смилески - дип. земјоделски инженер
5. Илјаз Мифтароски - доктор по ветерина
6. Александар Максимоски - дип.шумарски инженер
7. Игор Јанкулоски – електротехничар и енергетичар

Избрани од Советот на Општина Македонски Брод ( Одлука од Совет на Општина Македонски Брод бр.18-589/2 од 18.08.2017г.)

## 8.РЕЗУЛТАТИ ОД ПРОЦЕНЕТАТА ШТЕТА

Комисијата изврши непосреден увид на сите објекти за кои е побарана проценка и со помош на Единствената методологија за процена на штета од елементарни и други непогоди ја утврдува висината.

Проценетата штета е следнава:

Опрема (алат) – 9.500,00
Опрема (друга опрема) – 38.960,00
Добиточен фонд, живина и риби (кошници за пчели) – 68.400,00
Градежни објекти (помошни објекти) – 425.000,00

или Вкупно проценета штета <u>од **541.860,00** денари</u>

## 9.ЗАВРШЕН ДЕЛ

Овој Елаборат се доставува до Советот на Општина Македонски Брод на разгледување и усвојување. Усвоениот Елаборат од Советот на Општина Македонски Брод се доставува до:

1.Влада на Република Македонија
- Републичка комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи.
2. Државен завод за статистика

Составен дел на Елаборатот се:
Табела 1: Збирен преглед на штети по видови средства и сопственост

Табела 4: Преглед на штети по месни заедници и по сопственост
Табела 5: Преглед на штети по видови и групи на средства во сопственост – приватна
Табела 9: Преглед на штети на неосигурени средства и блага по видови и групи средства во сопственост – приватна
Образец Ш-08: Просечни цени за процена на штети

**ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**
Комисија за процена на штета настаната од природни непогоди, епидеми и други несреќи во Општина Македонски Брод

1. Зоран Новески
2. Славе Ѓурчиноски
3. Вањa Димоска
4. Добре Смилески
5. Илјаз Мифтароски
6. Александар Максимоски
7. Игор Јанкулоски

Табела 1

## ЗБИРЕН ПРЕГЛЕД НА ШТЕТИТЕ ПО ВИДОВИ СРЕДСТВА И СОПСТВЕНОСТ

Територија **МАКЕДОНСКИ БРОД** Причина за штетата и година: **пожар-2017**
Општина

во илјада денари

| | Вкупна штета | | | На средства на деловни субјекти | | | На средства во сопственост на граѓани | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вкупно | на оштетени средства | на уништени средства | вкупно | оштетени | уништени | вкупно | оштетени | уништени |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| ВКУПНО [1] | 541.860 | | 541.860 | | | | 541.860 | | 541.860 |
| ЗЕМЈИШТЕ | | | | | | | | | |
| ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ | 425.000 | | 425.000 | | | | 425.000 | | 425.000 |
| ОПРЕМА | 48.460 | | 48.460 | | | | 48.460 | | 48.460 |
| ДОЛГОГОДИ-ШНИ ЗАСАДИ | | | | | | | | | |
| ШУМИ И ДИВЕЧ | | | | | | | | | |
| ДОБИТОЧЕН ФОНД ЖИВИНА И РИБА | 68.400 | | 68.400 | | | | 68.400 | | 68.400 |
| ОБРТНИ СРЕДСТВА | | | | | | | | | |
| БЛАГА Културни блага Блага во домаќинството | | | | | | | | | |
| ДРУГИ СРЕДСТВА И БЛАГА | | | | | | | | | |
| ТРОШОЦИ ПРЕДИЗВИКАНИ ОД ШТЕТА | | | | | | | | | |
| ИНДИРЕКТНА ШТЕТА | | | | | | | | | |
| ШТЕТИ НА СРЕДСТВА НА АРМ | | | | | | | | | |

[1] Хоризонталните збирови не се согласуваат за износот на трошоците и на индиректните штети, бидејќи овие износи не мошеле да бидат прикажани ниту како оштетени ниту како уништени средства

Табела 4

## ПРЕГЛЕД НА ШТЕТИ ПО МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ И ПО СОПСТВЕНОСТ

Територија **МАКЕДОНСКИ БРОД** Причина за штетата и година: **пожар-2017**
Општина

во илјада денари

| Назив месната заедница | Вкупна штета | | | На деловни субјекти | | | На средства во сопственост на граѓани | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | На оштетени средства | На уништени средства | Вкупно | оштетени | уништени | Вкупно | оштетени | уништени |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| **ВКУПНО** | 541.860 | | 541.860 | | | | 541.860 | | 541.860 |
| Томино село | 541.860 | | 541.860 | | | | 541.860 | | 541.860 |

Табела 5:

**ПРЕГЛЕД НА ШТЕТИТЕ ПО ВИДОВИ И ГРУПИ НА СРЕДСТВАТА ВО СОПСТВЕНОСТ- приватна**

Територија **МАКЕДОНСКИ БРОД** Причина за штетата и година: **пожар-2017**
Општина

| | Единица на мера | Количество | | Износ на штетата во денари | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | оштетена | уништена | На оштетени средства | На уништени средства | Вкупно (5+6) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ВКУПНО | | | | | | |
| | | | | | | |
| ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ<br>Брани и насипи итн. Според Номенклатурата | | | 3 | | 425.000 | 425.000 |
| ОПРЕМА<br>Енергетски машини, уреди и постројки итн. | парче | | 29 | | 48.460 | 48.460 |
| ДОЛГОГОДИШНИ НАСАДИ<br>Овоштарници итн. | | | | | | |
| ШУМИ И ДИВЕЧ<br>Шуми на широколисници итн. | | | | | | |
| ДОБИТОЧЕН ФОНД, ЖИВИНА И РИБА<br>Коњи, мулиња, мазги итн. | парче | | 17 | | 68.400 | 68.400 |
| ОБРТНИ СРЕДСТВА<br>Суровини и репродукционен материјал<br>Полупроизводи и надворешни производи, текушто земјоделско производство итн. Според Номенклатурата | | | | | | |
| БЛАГА<br>Културни блага<br>Објекти<br>Предмети<br>Блага во домаќинствата итн според Номенклатурата | | | | | | |
| ДРУГИ СРЕДСТВА И БЛАГА | | | | | | |
| ТРОШОЦИ ПРЕДИЗВИКАНИ СО ШТЕТАТА | | | | | | |
| ИНДИРЕКНА ШТЕТА | | | | | | |
| ШТЕТА НА СРЕДСТВА НА АРМ | | | | | | |

Табела 9

## ПРЕГЛЕД НА ШТЕТИТЕ НА НЕОСИГУРЕНИ СРЕДСТВА И БЛАГА ПО ВИДОВИ И ГРУПИ СРЕДСТВА ВО СОПСТВЕНОСТ

**приватна**
(општествена, приватна, задружна, мешовита, државна)

Територија **МАКЕДОНСКИ БРОД** Причина за штетата и година: **пожар-2017**
Општина

во илјада денари

| | Вкупна штета | Штета на средства во сопственост на деловниот субјект | Штета на средства во сопственост на граѓани |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| ВКУПНО | 541.860 | | 541.860 |
| ЗЕМЈИШТЕ<br>Земјоделско земјиште итн. според Номенклатурата | | | |
| ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ<br>Брани и насипи итн. според Номенклатурата | 425.000 | | 425.000 |
| ОПРЕМА<br>Енергетски машини, уреди и постројки итн | 48.460 | | 48.460 |
| ДОЛГОГОДИШНИ ЗАСАДИ<br>Овоштарници итн. според Номенклатурата | | | |
| ШУМИ И ДИВЕЧ<br>Шуми и широколисници итн. според Номенклатурата | | | |
| ДОБИТОЧЕН ФОНД ЖИВИНА И РИБА<br>Коњи, мулиња, мазги, магариња итн. според Номенклатурата | 68.400 | | 68.400 |
| ОБРТНИ СРЕДСТВА<br>Суровини и репродукционен материјал<br>Полупроизводи и недовршени производи итн. според Номенклатурата | | | |
| БЛАГА<br>Културни блага<br>објекти<br>предмети<br>Блага во домаќинството<br>итн. според Номенклатурата | | | |
| ДРУГИ СРЕДСТВА И БЛАГА | | | |
| ТРОШОЦИ ПРЕДИЗВИКАНИ ОД ШТЕТА | | | |
| ИНДИРЕКТНА ШТЕТА | | | |
| ШТЕТИ НА СРЕДСТВА НА АРМ | | | |

ПРОЦЕНА НА ШТЕТАТА | Образец Ш-08
Од **пожар** | /Ш/0/8/
Ред. бр. на образецот /0/0/0/1/

# ПРОСЕЧНИ ЦЕНИ ЗА ПРОЦЕНА НА ШТЕТИТЕ

Комисија која ги обезбедила цените
***Општинска Комисија за процена на штета настаната од природни непогоди, епидемии и други несреќи во Општина Македонски Брод,*** цените ги обезбеди на тој начин што се преземени цените на пазарот во време по настанувањето на штетата и кои важеле на подрачјето за кое се проценува штетата.
За уништени опрема, добиточен фонд, живина и риби (кошници за пчели) се пресметува сегашна вредност како производ на количина и соодветната цена на уништениот примерок, за уништените градежни објекти кај приватни субјекти се зема сегашната вредност.

| Ред број | Назив на позицијатана работата, материјалот и друго | Единица на мера | Просечна цена во денари |
|---|---|---|---|
| 1. | Котур жица 1м | Парче | 1.400,00 |
| 2. | Котур жица 2м | Парче | 2.680,00 |
| 3. | Кошници (со пчели) | Парче | 5.400,00 |
| 4. | Кошници (празни) | Парче | 2.800,00 |
| 5. | Алат (грибло, ашов) | Парче | 500,00 |
| 6. | Граѓа | М3 | 6.300,00 |
| 7. | Градежни објекти (според Елементи за проценка на станбени објекти од Методологијата за недвижен имот) | | |

Во Македонски Брод

Датум: 07.05.2018 год.

Членови на Комисијата

1.Зоран Новевски ________________
2.Славе Ѓурчиноски _______________
3.Вања Димоска _________________
4.Добре Смилески _______________
5.Илјаз Мифтароски _______________
6.Александар Максимоски ________
7.Игор Јанкулоски _______________

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 –пречистен текст ), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештај-Елаборат за проценета штета од елементарна непогода – ПОЖАР село Томино село**

Се објавува **З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештај-Елаборат за проценета штета од елементарна непогода – ПОЖАР село Томино село**, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на седницата одржана на ден 30.05.2018 година.

**Бр. 08 - 572/9**

**04.06.2018 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ 05/02) и член 21 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03), а согласно Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за 2018 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.14/17), по поднесено барање од Полуматуранти од ООУ „Св.Климент Охридски“ бр.18-574/1 од 30.05.2018 година, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржна на ден 30.05.2018 година донесе

# О Д Л У К А

**За одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како финансиска помош за полуматуранти при ООУ „Св.Климент Охридски“ -**

**Македонски Брод**

1.Советот на Општина Македонски Брод донесе одлука за одобрување на финансиски средства за полуматурска за полуматуранти од ООУ „Св.КЛимент Охридски“ во износ од 8.000,00 денари

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод за 2018 година.

3.Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување на Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 572 /7**

**30.05.2018 година**

**Совет на општина Македонски Брод**

**П р е т с е д а т е л,**

**Драган Цветаноски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 –пречистен текст ), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како финансиска помош за полуматуранти при ООУ „Св.Климент Охридски“ - Македонски Брод**

Се објавува **Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како финансиска помош за полуматуранти при ООУ „Св.Климент Охридски“ - Македонски Брод**, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.05.2018 година.

**Бр. 08 - 572/9**

**04.06.2018 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03), а согласно Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за 2018 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.14/17), по поднесено барање од Трајче Огненоски с.Ковач Самоков бр.18- 539/1 од 17.05.2018 година, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржна на ден 30.05.2018 година донесе

# О Д Л У К А

**За одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како финансиска помош за промоција на патент за систем за заштита на индустриско загадување**

1.Советот на Општина Македонски Брод донесе одлука за одобрување на финансиски средства за промоција на патент за систем за заштита на индустриско загадување во износ од 6.000,00 денари

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод за 2018 година.

3.Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување на Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 572 /8**

**30.05.2018 година** **Совет на општина Македонски Брод**

**П р е т с е д а т е л,**

**Драган Цветаноски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 –пречистен текст ), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како финансиска помош за промоција на патент за систем за заштита на индустриско загадување**

Се објавува **Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како финансиска помош за промоција на патент за систем за заштита на индустриско загадување**, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.05.2018 година.

**Бр. 08 - 572/9**

**04.06.2018 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

**Службен гласник број 6 од 04.06.2018 година на Совет на општина Македонски Брод**

## С О Д Р Ж И Н А


Одлука за формирање на Локален совет за превенција ...................................... стр. 2

Заклучок за објавување на Одлука за формирање на Локален совет за превенција ............................................................................................................................ стр. 3

Одлука за утврдување на ценовник за користење на услуги што ги дава Територијалната противпожарна единица на физички и правни лица ......................... стр. 4

Заклучок за објавување на Одлука за утврдување на ценовник за користење на услуги што ги дава Територијалната противпожарна единица на физички и правни лица ............................................................................................................................ стр. 8

Заклучок за усвојување на Извештај-Елаборат за проценета штета од елементарна непогода – ПОЖАР село Томино село ................................................................... стр. 9

Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај-Елаборат за проценета штета од елементарна непогода – ПОЖАР село Томино село .................. стр. 20

Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како финансиска помош за полуматуранти при ООУ „Св.Климент Охридски“-Македонски Брод ...................................................................................................................... стр. 21

Заклучок за објавување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како финансиска помош за полуматуранти при ООУ „Св.Климент Охридски“-Македонски Брод ................................................................ стр. 22

Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како финансиска помош за промоција на патент за систем за заштита на индустриско загадување ............................................................................................................ стр. 23

Заклучок за објавување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како финансиска помош за промоција на патент за систем за заштита на индустриско загадување ....................................................................... стр. 24